## АПСТРАКТ

Туризмот претставува една од позначајните дејности во рамките на вкупната економија на одредена земја и една од главните развојни цели на секоја земја, како што се промоцијата на интересите на граѓаните на таа земја, економскиот развој и вработувањето, регионалниот развој, менаџирањето со културното и природното богатство и зајакнувањето на идентитетот на сите граѓани.

Иако се соочува со повеќе проблеми во различните фази на развој, во Република Косово, развојот на туризмот веќе се движи во иста насока како вкупниот развој на економијата на земјата. Република Косово има доволен туристички потенцијал, а сепак тој потенцијал не е доволно искористен. Секако, развојот на туризмот ќе придонесе во зголемувањето на вкупниот БДП на земјата, а тоа ќе значи повисоко место на рангирање на економскиот развој на земјата.

Туризмот не е доволно развиен и се идентификува како една од најнеразвиените гранки во економијата на Косово. Поради тоа потребна е национална стратегија каде земјата ќе треба најпрво да идентификува, развиеи примени современ концепт за туризмот за привлекување на домашни и странски туристи.

Косово, наоѓајќи се во центарот на Балканскиот Полуостров, како туристичка дестинација претставува значаен простор кој може да се вклучи во рамките на туристичкиот развој на регионот на Европа. Поради оваа причина, насловот на овој научен труд е: “Перспективата на туристичкиот развој на Косово во рамките на европскиот туристички пазар“, кој има за цел анализирање на актуелните состојби со туризмот на Косово и перспективата на развојот на туризмот во Косово во рамките на европскиот туристички пазар.

**Клучни зборови:** туризам, развој, туристичка дестинација, европски туристички пазар.

## ABSTRACT

Tourism is one of the most important activities within the overall economy of a particular country and one of the main developing goals of a country, such as the promotion of the interests of its citizens, economic development and employment, regional development, the management of cultural and natural heritage and enhacing of the identity of all citizens.

Although facing many problems in different stages of development, in the Republic of Kosovo the development of tourism is already moving in the same direction as the overall development of the national economy. Republic of Kosovo has sufficient potentials for tourism development, yet all of these potentials are notused enough. Of course, the development of tourism will contribute to the increase of total GDP of the country, and that will mean a higher place on the ranking of economic development of the country.

On the other hand, tourism is not well developed and is identified as one of the most underdeveloped sectors in the entire national economy of Kosovo. Because of this, it is required a national strategy where the policu makers will have to identify and develop an ideal for tourism and attracting domestic and foreign tourists.

Kosovo, being in the center of the Balkan Peninsula as a tourist destination, is an important space that can be included within the tourism development in the Europe. For this reason, the title of this scientific work is: "The prospect of tourism development in Kosovo within the European tourist market", which aims at analyzing the current situation of tourism in Kosovo and prospects of tourism development in Kosovo within the European tourism market.

**Key words:** tourism, development, tourist destination, European tourist market.